Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 10-11
02.01 2025 год
ВИНИЦА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/05),член 39 од Статутот на Општина Виница (Службен гласник на Општина Виница 8/2010,12/2014,4/2019,12/2022),а во врска со член 7 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на РМ“ бр.90/09, 188/13 и 192/15), Градоначалникот на Општина Виница донесе:

ПРАВИЛНИК

За користење на средствата за репрезентација во општина Виница

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација,овластувањата за користење на средствата за репрезентација,одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Општина Виница.

Член 2

Средствата за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник.

Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

II ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 3

Средствата за репрезентација се обезбедуваат од средствата од Буџетот на Општина Виница.

Трошоците за репрезентација се обезбедени од Буџетот во рамките на категоријата стоки и услуги (потставка 426210 – Расходи за репрезентација).

Член 4

Средствата за репрезентација може да се користат во следните случаи:

-При посета на претставници на државните институции во Република Северна Македонија, како и претставници на општините во Република Северна Македонија;

-При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;

-При посета на претставници на странски општини, збратимени општини како и други странски институции на локално ниво со кои Општина Виница започнува, развива и одржува соработка;

-При посета на претставници на странски делегации,канцеларии и поддружници на странски земји, меѓународни организации, претставници на странски амбасади или мисии во Република Северна Македонија;

-При посета на домашни и странски експерти и консултанти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;

-Одржување на работни состаноци што ги свикува општина Виница, а се присутни и претставници надвор од општината (инвеститори, коминтенти, соработници, партнер на општината),конференции за печат, работни состаноци на кои се присутни преставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци,работа на проекти и слично);

-При работна посета во странски држави за кои што е издадено решение и патен налог за службено патување во странство

-При организирана посета на единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Општина Виница за средби со коминтенти,соработници,партенри, инвеститори,бизнисмени и други.

-Други случаи за потребите на Општина Виница (по повод јубилеи,годишнини,празници и друго).

III ВИДОВИ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 5

Средствата за репрезентација можат да се користат за:

- Послужување безалкохолни пијалоци;
- Послужување алкохолни пијалоци;
- Службен ручек, вечера, закуска и слично;
- Подароци за посебни прилики, како сувенири, марами, вратоврски, нотеси, канцелариски прибор (пенкала), календари и друг репрезентативен материјал.

Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7дена во неделата.

IV ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

Член 6

Право на користење на репрезентацијата во согласност со овој правилник имаат:

-Градоначалникот на Општина Виница;

-Раководителите на сектор/одделенија во Општина Виница;

-Претседателот на Совет на Општина Виница и советниците

-Други лица овластени од Градоначалникот.

Член 7

За користење на репрезентацијата од член 5 од страна на лицата наведени во член 6 точка 2,3,4 и 5 од овој Правилник, согласност дава Градоначалникот на Општина Виница или лицето кое тој ќе го овласти.

Член 8

Плаќањето на трошоците за користење на средствата се врши преку фактура.

По исклучок од ставот 1 од овој член, плаќањето може да се врши и во готово, но не повеќе од 6000 денари со приложување на фискална сметка и сметкопотврда.

Член 9

Одделението за финансиски прашања, води сметка дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува Градоначалникот на Општина Виница.

Член 10

Во случај на користење на репрезентација надвор од одредбите и случаите од овој Правилник, лицето кое ја направило нарачката е должно да ги надомести трошоците за сопствената сметка.

V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

За сè што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави во Службен гласник на Општина Виница.

Општина Виница
Градоначалник
Миле Петков